<table>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">ЕКОНОМСКО КАЗНЕНО ПРАВО</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">ДЕЛОВНО ПРАВО</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет)</td><td colspan="4">II</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>Прва година, втор семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС кредити</td><td>6 (шест)</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">Проф. д-р Никола Тупанчески</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">/</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Целта на предметната програма е да се осознае економскиот криминал којшто денес станува предмет на нова специјална гранка - економско казнено право.<br><br>Изучувањето на овој предмет на студентите ќе им овозможи:<br>• работа во сферата на финансиското работење и корпоративното управување;<br>• стекнување на аналитички способности за состојбите во економскиот живот на Република Македонија;<br>• стекнување сознанија и вештини за т.н. добро деловно работење;<br>• Стекнување на спосоности за подготовка на соодветна регулатива од областа на економското (казнено) право;<br>• стекнување на соодветни вештини и умеења со цел детектирање на сè позачестените финансиски измами, злоупотреби и други неправилности во обласата на економското работење;<br>• запознавање на состојбата и легислативата во останатите држави, преземање на извесни решенија кои се чинат погодни за таа цел, и изнаогаѓе механизми за нивна имплементација.</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="5">Содржина на предметната програма:</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Науката на економското казнено право се состои од општ и од посебен дел. Општиот дел се занимава со изучување на неговиот поим и предмет, изворите, методите, развојот и односот на економското казнено право со другите науки. Неограничен интерес, во рамки на општиот дел, поттикнуваат прашањата за поимот и субјектите на економските казнени дела, како и системот на санкции пропишани за таквите поведенија. Предметот на неговото проучување се проширува дотаму што во себе ги интегрира и сфаќањата за различните легислативни модели прифатени во законодавствата на одделни држави. Учењето за економското казнено право чијашто средишна точка претставува економскиот криминал, во постојната</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | шареноликост на теоретски стојалишта кои се судираат при определувањето на неговиот поим, во фокусот на својот научен интерес ги вградува и етилошките и феноменолошки обележја на споменатиот облик на криминал, како и поврзаноста со останатите облици на криминалитет (така, организираниот криминал, криминалот на белите јаки, професионалниот криминалитет, а во поново време и криминалот на корпорациите). Во рамките на овој предмет се изучува: Економски криминал, економски казнени дела, корпоративен криминал, казненоправна одговорност на правните лица, конфискација на имот и имотна корист, злоупотреби во сферата на финансиското и деловното работење. | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици по 3,5 часа. Секоја тематска единица започнува со поврзување на претходно стекнатите знаења на студентите. На почетокот се поставуваат прашања кои служат за поттикнување на истражувања од конкретната проблематика. Се очекува студентите да бидат поттикнати на интерактивност. Наставата ќе се изведува преку интерактивни предавања, практични вежби, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции.<br><br>Наставните содржини кои се обработуваат во рамките на предметната програма се наведени како тематски целини, како часовите во тековната недела би биле тематски обоени и конципирани. Теоретскиот дел од наставата кој е планиран за часовите е целно именуван, во смисла на знаењата кои треба да се стекнат во текот на часовите.<br><br>Основниот дел од наставата ќе се одвива во вид на предавања што ќе се држат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Дел од наставните содржини ќе биде презентиран од страна на професорите, додека за дел од наставните содржини ќе гостуваат со свои предавања истакнати експерти од практиката. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 ЧАСА | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Други форми на активности** | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | | / | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | | Македонски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | 1. | Никола Тупанчески | Економско казнено право | Скопје | 2015 |
| **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | 1. | Камбовски Владо | Казнено право–општ дел“, четврто изменето и дополнето издание | Скопје | 2011 |
| | 2. | Камбовски Владо, | Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија | Скопје | 2005 |